**Fw: Информации од јавен карактер, бара**
Cabinet MPravda to Ubavka Matevska 04/02/2021 09:48 AM
Cc: Sanja BogatinovskaDavkovska

Да се заведе за слободен

Кабинет на Министерот за правда

Тел. +389 (0)2 3116 493, лок. 335

Министерство за правда
Република Северна Македонија

Ул. Димитрие Чуповски бр. 9, 1000 Скопје

www.pravda.gov.mk

Cabinet of Minister of justice

Tel. +389 (0)2 3116 493, lok. 335

Ministry of Justice
Republic of North Macedonia

Dimitrie Chupovski 9, 1000 Skopje

www.pravda.gov.mk

07. 02. 2021
Ул 19-942/2021

----- Forwarded by Cabinet MPravda/MinisterstvoZaPravda on 04/02/2021 09:48 AM -----

From: [redacted]
To: publicrelation@mjustice.gov.mk, cabinet@mjustice.gov.mk, "Mr.Spaso Markovski" <z32okmatka@yahoo.com>
Date: 04/02/2021 12:20 AM
Subject: Fwd: Информации од јавен карактер, бара

[redacted]
**1000 Скопје**
**e-mail:** [redacted]
**телефон:** [redacted]
( Образец ПП......)

**До**
**Министерство за правда**
**улица "Димитрие Чуповски" број 9**
**publicrelation@mjustice.gov.mk, cabinet@mjustice.gov.mk**
**1000 Скопје**
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

### за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на членовите 4, 12 и 14 од Законот за слободен пристап до нформации од јавен карактер ("Службен весник на РМ бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер *кои се во врска или произлегуваат од 'Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права" ("Службен весник на РМ бр. 67/09 и 43/14 година")* а се однесуваат на извршување на пресудата на ЕСЧП број 14460/16, објавена на вашата веб страница на ден 27.02.2020 година со настапена правосилност на ден 27.06.2020 година, и тоа:

**1. Записници од одржаните седници на Мегуресорската комисија за периодот од 01.01.2020**

**година до 31.03.2021 година.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис.

**2. Информациите кои произлегуваат од законските надлежности на Меѓуресорската комисија уредени со членот 11 од ЗИОЕСЧП, систематизирани одделно според алинеите од 1 до 7.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис.

**3. Годишниот извештај за 2020 година пропишан со членот 13 став (1) од ЗИОЕСЧП.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис.

**4. Известието од членот 22 ставот (1) од ЗИОЕСЧП.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис.

**5. Известието од членот 23 ставот (1) од ЗИОЕСЧП.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис.

**6. Сите излезни и влезни информации (акти) кои произлегуваат од членот 24 ставовите (1) и (2) од ЗИОЕСЧП.**
Бараните информации да ни се доставаат во форма на препис

**7. За оваа точка од барањето даваме соодветно образложение кое гласи:**

Во правосилната Пресуда на ЕСЧП број 14460/16 на страницата 4 во точката 10. стои запишано - цитат:
*"Според Владата, биле засегнати **12.000** од 60.000 станови во станбени згради, кои биле исклучени од мрежата за централно греење".*

На страницата број 15 во ставот 49 од истата Пресуда во деветтиот ред стои запишано - цитат:
*"... Во врска со ова, од значење е да се напомене дека, според Владата, има **12.000** станови кои се засегнати бидејќи се исклучени од системот за централно греење, а чии сопственици најверојатно биле обврзани да го платат предметниот надоместок за ангажирана моќност..."*
- завршен цитат.

Врз основа на наводите од образложението од вас ги бараме следните информации од јавен карактер:

**7.а Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата за централно греење?**

**7.б Вашиот писмен поднесок (барање) до правниот субјект од точката 7.а, и**

**7.в Писмениот акт (одговор) добиен од страна на правниот субјект од точките 7.а. и 7.б.**
Бараните информации од точката 7.а) да ни се достави како писмен одговор а од точките 7.б) и 7.в) да ни се доставаат во форма на препис

Начин на доставување на информацијата:

**- А) ПО ПОШТА - ДА, со препорачана поштенска пратка.**

- б) телефон **- НЕ**
- в) факс **- НЕ**
- г) е-маил **- НЕ**
- д) друго **- НЕ**

Барател на информацијата:

[redacted]

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер)

[redacted]

**ПС: Ве молиме потврдете прием на овој поднесок**

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!

Virus-free.
www.avast.com

Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTESISE
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PERFAQESIM TË REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 09-04-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0302-101/1 | | | |

Архивски Shenja ark. 1 год
20 год.-vit
Потпис/Nënshkrim C.A.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

**ДО**
**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**
**ул.„Димитрие Чуповски“ бр.9**
**Скопје**

УП1бр.19-942/2021
Скопје ___________година
09. 04. 2021

**ПРЕДМЕТ**: Достава на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Министерството за правда во прилог на овој допис на Ваше натамошно постапување Ви го доставува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под УП1 бр.19-942/2021, а доставено до Министерството за правда од [redacted] во Скопје,.

Барањето Ви се доставува согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101 /19).

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска Скаловска

Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-942/2021



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Министерството за правда-Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а доставено на надлежност до Бирото со допис од 09.04.2021 и во Бирото заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021, поднесно од [redacted] донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-101/2
29.04. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а доставено на надлежност до Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП со допис од 09.04.2021 и во Бирото заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021, поднесено од [redacted]
се уважува.

Образложение

[redacted] се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Министерството за правда на 06.04.2021, истото е заведнео под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а беше доставено на надлежност до Бирото со допис од 09.04.202 на Министерството за правда. Барањето во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021.

[redacted] се обрати со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се во врска или произлегуваат од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, а се однесуваат на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и други против РСМ, А.бр. 14460/16, како наведено подолу.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање и констатираше дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е имател на следните побарани информации или на информации во врска со бараните:

1. **Записници од одржани седници на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за перидот од 01.01.2020 до 31.03.2021.**

Во периодот од 01.01.2020 до 31.03.2021 одржана е една седница на Меѓуресорската комисија и тоа на 08.07.2020, а запсиникот од посочената седница, во препис соодветно на барањето се доставува во прилог на ова Решение (прилог бр. 1).

2. **Информации кои произлегуваат од законската надлежност на Меѓуресорската комисија утврдени во член 11 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, систематизирани одделно според алинеја 1 до 7.**

Имајќи предвид дека барањето е поднесено во контекст и во врска со извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др., која стана правосилна на 27.06.2020, и во светло на фактот дека истата беше за прв пат на дневен ред на седница на Меѓуресорската комисија која се одржа на 08.07.2020, а во однос на член 11 став 1 алинеја 1 и 2, анализа на пресудите се прави усно низ дополнителна дискусија на самата седница на Комисијата, во контекст на што сведочат и записиникот кој се доставува во прилог кон решението (прилог бр. 1) и усвоените препораки, кои се составен дел од записникот доставен како прлог бр. 1, а се резултат на дискусијата во текот на седницата одржана на 08.07.2020. Во контекст на член 11 став 1 алинеја 3, а во врска со извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др., Комисијата на седницата одржана на 08.07.2020, нема усвоено, ниту разгледуваше препораки на линија на било какви законски измени. Во контекст на член 11 став 1 алинеја 4, Меѓуресорската комисија го следи извршувањето примарно преку информации кои како стручна и административно-техничка подршка ги прибира Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, имајќи го предвид и фактот дека Комисјата нема својство на правно лице. Во прилог кон ова Решение се доставуваат барањата на Бирото за застапување пред ЕСЧП кои се упатени до надлежните институции за целите на координација на процесот на извршување на предметната пресуда на ЕСЧП, како и добиените одговори и во таа смисла во прилог на решението се допис од Бирото бр. 0801-69/12 од 09.07.2020 (прилог бр. 2), допис од Основен граѓански суд Скопје бр. Су-03-443/20-2 од 07.08.2020 (прилог бр. 3), допис од Основен граѓански суд Скопје бр. Су-03-443/20-3 од 27.08.2020 (прилог бр. 4), допис од Врховен суд на РСМ, СПР.бр.16/20, заведен во Бирото за застапување на 17.09.2020 (прилог бр. 5), допис на Бирото за застапување пред ЕСЧП бр. 0901-58/2 од 08.04.2021 (прилог бр. 6), допис на Бирото за застапување пред ЕСЧП бр. 0901-58/3 од 12.04.2021 (прилог бр. 7), допис од Основен граѓански суд Скопје Су. бр.Су-03-443/20-4 од 16.04.2021 (прилог бр. 8), допис од Основен граѓански суд Скопје Су. бр.Су-03-443/21 од 19.04.2021 (прилог бр. 9), допис од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП бр. 0801-69/20 од 02.12.2020 (прилог бр. 10) и допис од Регулаторна комисија за енергетика и вони услуги на РСМ бр. 11.2441/2 од 17.12.2020 (прилог бр. 11). Истовремено, информации на располагање на Бирото за застапување на РСМ се пласираат до Комитетот на министри, а ќе бидат реферирани од страна на Бирото на првата следна седница на Комисијата. Во таа смисла се врши и обезбедува размена на информации и податоци во областа на извршувањето на одлуките на ЕСЧП, што како обврска произлегува од член 11 став 1 алинеа 5 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП. Следењето на постојниот систем на извршување на одлуките и предлагање мерки за негово подобрување, што е во надлежност на Меѓуресорската комисија е надлежност од општ карактер и не се однесува ниту е во специфичен контекст на извршувањето на било која конкретна пресуда на ЕСЧП, но оваа тема беше последен пат разгледана на седницата на Комисијата одржана на 08.07.2020 (види записник од седницата прилог бр. 1). Надлежностите од алинеја 7 на горепосменатиот Закон, се општи и во контекст на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски единствени заклучоци и препораки усвоени од страна на Комисјата се оние усвоени на седницата на Меѓуресорската Комисија од 08.07.2020.

3. **Годишниот извештај за 2020 од членот 13 став 1 на Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**

Годишниот извештај за 2020 од членот 13 став 1 на Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП се доставува во прилог на ова Решение (прилог бр. 12).

4. **Известие од член 22 став 1 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**

Во прилог на ова решение се доставува во препис известувањето на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП бр. 0801-69/13 од 13.07.2020 (прилог бр. 13).

5. **Известието од членот 23 став 1 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**

По обврската од членот 23 став 1 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП е постапено со поканата доставена за целите на седницата на Комисијата и во текот на самата седница одржана на 08.07.2020, за што сведочи и запсиникот (прилог бр. 1) од споменатата седница на Комисијата на која на дневен ред е разгледена и пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др. Надвор од споменатото и доставеното во прилог не постои друга писмена преписка или писмена документација која е релевантна и се однесува на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др. помеѓу Бирото за застапување пред ЕСЧП и членовите на Меѓуресорската комисија, а која не е доставена во прилог на ова Решение.

6. **Сите излезни и влезни инфромации (акти) кои произлегуваат од членот 24 став 1 и 2 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**

Надвор од споменатите и во прилог на ова Решение доставените дописи (како во прилог и погоре наведнео во ова Решение) не постои друга писмена комуникација, а за целите на размена на информации од интерес и во функција на координација и следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др. Во контекст на ова конкретно барање, треба да се има во предвид горенаведеното и особено позицијата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП како стручна и административно техничка подршка на Комисијата и видот и природата на самата Комисија која нема статус на правно лице, како и надлежностите на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП кои произлегуваат особено од член 4 алинеја 12 од Законот за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

7. **Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата на централно греење, во контекст на тврдењето на Владата во постапката пред ЕСЧП (параграф 10 и 49 од пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и др.) дека се засегнати и биле исклучени од системот на централно греење 12.000 станови. Во контекст на ова барање подносителот побара писмен поднесок до правниот субјект од која е прибавена ваквата информација и писмениот одговор на таквото барање.**

Информација дека се засегнати околу 12.000 исклучени станови од мрежата на централно греење и пласирана во текот на постапката пред ЕСЧП во случајот Стрезовски и др. која апликантите можеа да ја спорат во постапката пред ЕСЧП, не е прибавена како резултат на писмена комуникација на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП со ниту една надлежна институција, ниту Бирото во таа смисла упатило писмено барање до било кој правен субјект (државен или приватен) во текот на постапката пред ЕСЧП во случајот Стрезовски и др. иако во текот на подготовката на одбраната Бирото имаше комуникација со надлежната Регулаторна комисија, а во истиот период и по споменатиот повод оствари и средба со преставници на

истата. Бројот од околу 12.000 е јавно достапен податок кој се споменува конзистентно во низа медиумски написи и прилози, а бројот од околу 12.000 исклучени корисници од мрежата на централно греење, се споменува и во јавни настапи од преставници на надлежната Регулаторна комисија (прилог бр.14). Дополнително бројката произлегува и од податоците презентирани во допис бр.11.2441/2 од 17.12.2020 прилог бр.11) доставен до Бирото на негово барање, а од страна на Регулаторната комисија за енергетика, во процесот на координација и следење на процесот на извршување на пресудата во случајот Стрезовски и др.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

В.Д. Директор на Бирото за застапување

на РСМ пред ЕСЧП – Владин агент

м-р Даница Џонова

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTESISE
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIM E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 11-05-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0302-101/3 | | | |

Арх.знак Shenja ark.
Рок на чување Afati i ruajtjes 1год
20__ год.-viti
Потпис/Nënshkrim
С.Д.

Жалба бр 08-480
Zalbi
to:
sanjadavitkova
11.05.2021 15:27
Cc:
biroescp
Hide Details
From: "Zalbi" <zalbi@aspi.mk>
To: <sanjadavitkova@mjustice.gov.mk>,
Cc: <biroescp@mjustice.gov.mk>
History: This message has been replied to.

1 Attachment

IMG-e841609a5d631f290e4b09dabe09bf2a-V.jpg

Почитувани!

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер електронски е доставена Жалба од [redacted] против Министерството за правда – Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд на човекови права. Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, а е во врска со предметната жалба.

Со почит,

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

[redacted]

**До**
**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**
**Булевар "Гоце Делчев" број 18, (зграда на МРТВ - 14 кат)**
**e-mail:** zalbi@aspi.mk, komspi@komspi.mk
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: ЖАЛБА, доставува**

**ПРОТИВ:**
Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
**Улица "Димитрие Чуповски" број 9**
**1000 Скопје**
**e-mail:** biroescp@mjustice.gov.mk

Почитувани,

На ден 02.04.2021 година [redacted] до Министерството за правда по електронски пат достави Барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер дадено како **Прилог 1** кон оваа жалба.

Со своето Известување УП1 број 19-942/2021 од 09.04.2021 година, Министерството за правда го извести барателот дека предметното барање е препратено до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како надлежно за постапување. Известувањето е **Прилог 2** кон жалбениов поднесок.

По истек на законскиот рок за достава на бараните информација, констатираме дека имателот го применил институтот ***"молчење на администрацијата"***, односно не постапил согласно со членовите од 21 до 25 од Законот.

Врз основа на одредбите од членовите 26 и 27 пд Законот, барателот на информациите од ЈК се обраќа до Агенцијата за следното:

1) да извршите вонреден инспекциски надзор кај имателот на бараните информации;
2) да утврдите фактичка состојба и да ги утврдите причините за непостапување на имателот на информациите и
3) да донесете свое решение со кое ќе го задолжите имателот во законски рок да му ги достави на барателот ИЈК (член 27 став (4) од ЗЗПСПИЈК).

За вашето итно постапување и донесување на решение однапред ви благодариме.

**ПРИЛОЗИ: како во текстот - 2 (два)**

Со почит,

[redacted]

ПС: Ве молиме потврдете прием на жалбата.

**ПРИЛОГ 1**

From: [redacted]
To: "publicrelation@mjustice.gov.mk" <publicrelation@mjustice.gov.mk>; "cabinet@mjustice.gov.mk" <cabinet@mjustice.gov.mk>
Sent: Friday, April 2, 2021, 12:21:46 AM GMT+2
Subject: Fwd: Информации од јавен карактер, бара

[redacted]

( Образец ПП......)

**До**
**Министерство за правда**
**улица "Димитрие Чуповски" број 9**
publicrelation@mjustice.gov.mk, cabinet@mjustice.gov.mk
**1000 Скопје**

---

(имател на информацијата)

## БАРАЊ Е

### за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на членовите 4, 12 и 14 од Законот за слободен пристап до нформации од јавен карактер ("Службен весник на РМ бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14 бр. 148/15, бр. 55/16 и бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер *кои се во врска или произлегуваат од 'Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права" ("Службен весник на РМ бр. 67/09 и 43/14 година")* а се однесуваат на извршување на пресудата на ЕСЧП број 14460/16, објавена на вашата веб страница на ден 27.02.2020 година со настапена правосилност на ден 27.06.2020 година, и тоа

1. **Записници од одржаните седници на Меѓуресорската комисија за периодот од 01.01.2020 година до 31.03.2021 година.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис.

2. **Информациите кои произлегуваат од законските надлежности на Меѓуресорската комисија уредени со членот 11 од ЗИОЕСЧП, систематизирани одделно според алинеите од 1 до 7.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис.

3. **Годишниот извештај за 2020 година пропишан со членот 13 став (1) од ЗИОЕСЧП.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис.

4. **Известието од членот 22 ставот (1) од ЗИОЕСЧП.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис.

5. **Известието од членот 23 ставот (1) од ЗИОЕСЧП.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис.

6. **Сите излезни и влезни информации (акти) кои произлегуваат од членот 24 ставовите (1) и (2) од ЗИОЕСЧП.**
   Бараните информации да ни се достават во форма на препис

7. **За оваа точка од барањето даваме соодветно образложение кое гласи:**

Во правосилната Пресуда на ЕСЧП број 14460/16 на страницата 4 во точката 10. стои запишано - цитат:
*"Според Владата, биле засегнати **12.000** од 60.000 станови во станбени згради, кои биле исклучени од мрежата за централно греење".*

На страницата број 15 во ставот 49 од истата Пресуда во деветтиот ред стои запишано - цитат:
*"... Во врска со ова, од значење е да се напомене дека, според Владата, има **12.000** станови кои се засегнати бидејќи се исклучени од системот за централно греење, а чии сопственици најверојатно биле обврзани да го платат предметниот надоместок за ангажирана моќност..."* - завршен цитат

Врз основа на наводите од образложението од вас ги бараме следните информации од јавен карактер:

**7.а Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата за централно греење?**

**7.б Вашиот писмен поднесок (барање) до правниот субјект од точката 7.а, и**

**7.в Писмениот акт (одговор) добиен од страна на правниот субјект од точките 7.а. и 7.б.**
Бараните информации од точката 7.а) да ни се достави како писмен одговор а од точките 7.б) и 7.в) да ни се доставaт во форма на препис

Начин на доставување на информацијата:
**- А) ПО ПОШТА - ДА, со препорачана поштенска пратка.**

- б) телефон **- НЕ**
- в) факс **- НЕ**
- г) е-маил **- НЕ**
- д) друго **- НЕ**

Барател на информацијата:
[redacted]

---

назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер)

[redacted]

ПС: Ве молиме потврдете прием на овој поднесок

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!

---

**ПРИЛОГ 2**

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

ДО
[redacted]
Скопје

УП1бр.19-942/2021
Скоп ________ година
09. 04. 2021

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,
Министерството за правда Ве известува дека Вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр.19-942/2021, е препратено до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како надлежно за постапување по истото.
Барањето е препратено согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Репубика Северна Македонија" бр.101/19).

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска Скаловска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

[redacted] 11-May-21

Sent from Yahoo Mail on Android

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

Бр.0302-101/4
Скопје, 17.05.2021година

**ДО:** Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на жалба

**ВРСКА:** Ваш електвонски допис заведен под бр.0302-101/3 од 11.05.2021 година

Почитувани,

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права на 11.04.2021 по електронска комуникација беше известено дека до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер електронски е доставена Жалба од [redacted] против Министерството за правда – Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд на човекови права.

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд на човекови права се произнесува за следното:

[redacted] се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Министерството за правда на 06.04.2021, истото е заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а беше доставено на надлежност до Бирото со допис УП1.бр. 19-942/21 од 09.04.2021 година на Министерството за правда (доказ **во прилог бр. 1**). Барањето во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021

[redacted], се обрати со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се во врска или


Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

произлегуваат од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, а се однесуваат на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и други против РСМ, А.бр. 14460/16.

Од Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд на човекови права како имател на информации, во форма на препис да се доставаат, беа побарани следните информации:

1.Записници од одржани седници на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за перидот од 01.01.2020 до 31.03.2021.
2.Информации кои произлегуваат од законската надлежност на Меѓуресорската комисија утврдени во член 11 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, систематизирани одделно според алинеја 1 до 7.
3.Годишниот извештај за 2020 од членот 13 став 1 на Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП
4.Известието од член 22 став 1 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП
5.Известието од членот 23 став 1 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП
6.Сите излезни и влезни инфромации (акти) кои произлегуваат од членот 24 став 1 и 2 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП
7.Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата на централно греење?

Бирот за застапување на РСМ пред ЕСЧП постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр.0302-101/1 од 09.04.2021 година, а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) како имател на горенаведените информации или на информациите во врска со бараните донесе РЕШЕНИЕ бр.0302-101/2 од 29.04.2021 година во кое што беа наведени побараните информации.

Решението бр.0302-101/2 на 29.04.2021, со препорачана поштенска пратка (доставница) беше доставено до барателот на информации од јавен карактер, [redacted] година. (доказ **фотокопија од доставница во прилог бр. 2**), а решението бр. 0302-101/2 од 29.04.2021 било предадено во пошта на 30.04.2021 (**доказ во прилог бр. 3**) .


Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Воедно **во прилог (бр. 4)** се доставува и решението на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП бр. 0302-101/2 од 29.04.2021, заедно со сите прилози доставени до здружението кон споменатото решение.

Со почит,

**в.д Директор на Бирото за застапување**
**на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,**
**м-р Даница Џонова**



Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Архивски знак Shenja ark. ______
Рок на чување Afati i ruajtjes ______
______ 20__ год.-viti.
Потпис/Nënshkrim
______

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTESISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIM TE REPUBLIKES SË MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: Pranuar: 02-06-2021
Орг. единица Njësia org. | Број Numri 0302-10115 | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена преку [redacted], член на Управниот одбор на Здружението против Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човековите права, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на __.__.2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Жалбата изјавена од [redacted] поднесена преку [redacted], член на Управниот одбор на Здружението против Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човековите права, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

„1. Записници од одржаните седници на Меѓуресорската комисија за периодот од 01.01.2020 година до 31.03.2021 година.

2. Информациите кои произлегуваат од законските надлежности на Меѓуресорската комисија уредени со членот 11 од ЗИОЕСЧП, систематизирани одделно според алинеите од 1 до 7.

3. Годишниот извештај за 2020 година пропишан со членот 13 став (1) од ЗИОЕСЧП.

4. Известието од членот 22 став (1) од ЗИОЕСЧП.

5. Известието од членот 23 ставпт (1) од ЗИОЕСЧП.

6. Сите излезни и влезни информации (акти) кои произлегуваат од членот 24 ставовите (1) и (2) од ЗИОЕСЧП.

7. За оваа точка од барањето даваме соодветно образложение кое гласи:..

7.а Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата за централно греење?

7.б Вашиот писмен поднесок (барање) до правниот субјект од точката 7.а, и

7.в Писмениот акт (одговор) добиен од страна на правниот субјект од точките 7.а. и 7.б.?", **СЕ УВАЖУВА.**

**2. Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган, во делот на точките 1 и 3 од Барањето.**

**3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Здружението за заштита на граѓанските права [redacted], на 02.04.2021 година, поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за правда, со кое побарало по пошта да му се достават следните информации:

"1. Записници од одржаните седници на Меѓуресорската комисија за периодот од 01.01.2020 година до 31.03.2021 година.

2. Информациите кои произлегуваат од законските надлежности на Меѓуресорската комисија уредени со членот 11 од ЗИОЕСЧП, систематизирани одделно според алинеите од 1 до 7.

3. Годишниот извештај за 2020 година пропишан со членот 13 став (1) од ЗИОЕСЧП.

4. Известието од членот 22 став (1) од ЗИОЕСЧП.

5. Известието од членот 23 ставпт (1) од ЗИОЕСЧП.

6. Сите излезни и влезни информации (акти) кои произлегуваат од членот 24 ставовите (1) и (2) од ЗИОЕСЧП.

7. За оваа точка од барањето даваме соодветно образложение кое гласи:..

7.а Од кој релевантен правен субјект е добиена информацијата за бројот на 12.000 исклучени станови од мрежата за централно греење?

7.б Вашиот писмен поднесок (барање) до правниот субјект од точката 7.а, и

7.в Писмениот акт (одговор) добиен од страна на правниот субјект од точките 7.а. и 7.б.".

Министерството за правда, како што е наведено во Жалбата на ова Барање, до Барателот доставил Известување, во кое е наведено дека: „Министерството за правда Ве известува дека Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.942/2021, е препратено до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човековите права...Барањето е препратено согласно член 18 од Законот за слободен пристап...".

Барателот на информации поднесе Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во Агенцијата под бр.08-480 од 10.05.2021 година. Во Жалбата е наведено дека „По истек на законскиот рок за достава на бараните информацја, констатираме дека имателот го применил институтот „молчење на администрацијата"..."

Агенцијата со допис бр.08-480 од 11.05.2021 година, преку е-маил ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

На 14.05.2021 година, Барателот на информации до Агенцијата преку електронска пошта достави е-маил насловен „Известие за дополна на жалба .." заведен во Агенцијата под бр.08-480, во кој наведува дека: „Ве известуваме дека на ден 11.05.2021 година од имателот на бараните информации примивме решение со број 0302-101/2 од 29.04.2021 година..." Во прилог го достави Решението на Бирото бр.0302-101/2 од 29.04.2021 година со кое Барањето на Барателот се уважува. Во кое наведува дека: „..Во периодот од 01.01.2020 до 31.03.2021 одржана е една седница на Меѓуресорската комисија и тоа на 08.07.2020, а записникот од посочената седница, во препис соодветно на барањето се доставува во прилог на ова Решение...Информација дека се засегнати околу 12.000 исклучени станови од мрежата на централно греење и пласирана во текот на постапката пред ЕСЧП..не е прибавена како резултат на писмена комуникација на Бирото .. со ниту една надлжена институција, ниту Бирото во таа смисла упатило писмено барање до било кој правен...."

На 17.05.2021 година Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човековите права до Агенцијата достави преку електронски пат „Одговор на жалба", во прилог на кој ги доставил сите списи во врска со предметот.

Барателот на информации на 19.05.2021 година до Агенцијата достави „Дополна на жалба", заведена во Агенцијата под бр. 08-480, во кое е наведено дека: „Точка 1-Доставениот записник од одржанта 19-та седница на Меѓуресорската комисија од 08.07.2020 година е од неформален карактер и не претставува информација од јавен карактер. Видно од овој „записник" е дека истиот нема определен деловоден број, страниците не се нумерирани и истиот не е верификуван од страна на записникчар и овлстено службено лице...и заверено со службен печат....Точка 3-Констатиме дека доставениот Извештај за 2020 година е во идентична ситуација како и „записник" од точката 1. И него го карактеризира недостигот на истите елементи како и наводниот „записник" од точката 1....Точка 7-Видно од содржината

на пресудата на ЕСЧП број 14460/16 година е дека Владата преку имателот доставила информација (податоци) дека од системот за снабдување со топлинска енергија се исклучени 12000 станови....“

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од барателот на информацијата, истата **ЈА УВАЖИ, и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган, во делот на алинеа 1 и 3 од Барањето,** поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот, утврди дека имателот на информации не постапил во целост согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на информации при постапување по Барање за пристап до информации постапил согласно членот 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што донел Решение со кое го уважува Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Во конкретниот случај, Имателот на информации постапил согласно горенаведениот член, но приложениот документ насловен „Записник“ кој е наведен во точката 1 од Барањето е неформален, видно од доставените прилози до Барателот, со тоа што истиот не содржи елементи на еден официјален документ, и тоа: потпис и печат, заверен во архива. Поради тоа, Имателот на информации е должен истиот да го достави до Барателот по пошта, **во форма на препис** како што се наведува во самото Барање.

Што се однесува до наводите на Решението кое се однесува на точката 3 од Барањето, Агенцијата констатира дека е доставен одговор за истото, но истиот не е доставен во форма како што побарал Барателот, односно Барателот побарал **препис од информацијата** „Годишен извештај за 2020 година..“.

Што се однесува на наводите на Барателот во „Дополна на жалба“ дека “Имателот само неуспешно од страна на РКЕ се само вербални настапни на претставниците на РКЕ во вид на соопштенија, исто така необезбедени...“, Агенцијата, при увидот во списите утврди дека, Имателот на информации ги доставил до Барателот побараните информации, и тоа: „Барање во врска со извршувањето на пресудата на ЕСЧП за случајот Стрезовски и други против Северна Македонија бр.0801-69/20 од 02.12.2020 година, насловен до Регулаторна комисија за енергетика на РСМ“ и „Известување по Ваше Барање бр.11-2441/2 од 17.12.2020 година, насловен до Бирото за застапување на Република Северна Македонија“.

При повторното постапување по предметот, имателот на информации е должен да постапи по укажувањата на Агенцијата.

Поради погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр. 08-480

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Подготвил: Макфирете Морина Сулејмани
Контролирал: Петар Гајдов
Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-480
25 05 202 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-101/6
10.06.2021 год
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 година во Министерството за правда, а доставено на надлежност до Бирото со допис од 09.04.2021 година и во Бирото заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021 година, поднесено од [redacted] и по укажувањата во Решението бр. 08-480 од 25.05.2021 година на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесено по Жалбата изјавена од [redacted] а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а доставено на надлежност до Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП со допис од 09.04.2021 и во Бирото заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021, поднесено од [redacted] кое со Решение бр. 08-480 од 25.05.2021 година на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер беше вратено на повторно постапување, во делот на точките 1 и 3 **се уважува.**

## Образложение

[redacted] се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Министерството за правда на 06.04.2021, истото е заведено под бр. 19-942/2021 од 07.04.2021 во Министерството за правда, а беше доставено на надлежност до Бирото со допис од 09.04.202 на Министерството за правда. Барањето во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е заведено под бр. 0302-101/1 од 09.04.2021.

Здружението за заштита на граѓански права [redacted] се обрати со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се во врска или произлегуваат од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, а се однесуваат на извршувањето на пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и други против РСМ, А.бр. 14460/16.

Постапувајќи по укажувањата во Решението бр. 08-480 од 25.05.2021 на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, донесено по Жалбата изјавена од [redacted]. Бирото постапи согласно Решението и како имател на бараните информации на барателот му ги доставува бараните информации од точките 1 и 3 од Барањето:

1. **Записници од одржани седници на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за перидот од 01.01.2020 до 31.03.2021. (точка 1 од Барањето)**

Во периодот 01.01.2020 до 31.03.2021 одржана е една седница на Меѓуресорската комисија и тоа на 08.07.2020, а записникот од посочената седница со потпис и печат и заведен под бр.0901-124/1 од 21.05.2021 година, во форма на препис соодветно на барањето се доставува во прилог на ова Решение (прилог бр. 1).

2. **Годишниот извештај за 2020 од членот 13 став 1 на Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП**

Годишниот извештај за работата на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2020 година согласно членот 13 став 1 на Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, во форма на препис со потпис и печат и заведен под бр.0103-94/2 од 25.03.2021 година. (прилог бр. 2).

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

Бр.0302-101/7
Скопје, 10.06.2021

**ДО:**
Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕДМЕТ:** Известување
**ВРСКА:** Решение бр. 08-480 од 25.05.2021 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права го спроведе Решението бр. 08-480 од 25.05.2021 година на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесено по Жалбата изјавена од [redacted].

Решението бр. 08-480 од 25.05.2021 година, до Бирото беше доставено на 02.06.2021 година, истото е заведено под бр. 0302 – 101/5 од 02.06.2021 година. Со Решението, Бирото беше известено дека поднесената жалба е уважена и предметот се враќа на повторно постапување, во делот на точките 1 и 3 од Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со Решението исто така не известивте дека Бирото како имател на информациите е должно да го спроведе Решението во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Постапувајќи по укажувањата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Бирото како имател на бараните информации донесе РЕШЕНИЕ бр.0302-101/6 од 10.06.2021 година во кое што беа наведени побараните информации заедно со пропратен материјал.


Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

Решението бр.0302-101/6 од 10.06.2021 година заедно со пропратниот материјал, до барателот на информации од јавен карактер, [redacted] е доставено со препорачана поштенска пратка. (доставница )

Во прилог Ви го доставуваме Решението бр.0302-101/6 од 10.06.2021 година заедно со пропратниот материјал и фотокопија од доставница.

Со почит,

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова



Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3109 784
biroescp.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification